ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 005
Централа.: 070 410 145
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 11.07.2008 Скопје

СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

# ПРАВО НА БЕСПЛАТНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ВО СТРАНСТВО

## ФЗОМ ОВОЗМОЖУВА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО ОД ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И НАДВОР ОД МАКЕДОНИЈА

**11.07.2008 Скопје**, Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ги известува сите граѓани дека своето право на бесплатна здравствена заштита можат да го остваруваат и надвор од територијата на Република Македонија, за време на годишен одмор, туристичко или службено патување, посета, семинар или друг вид на привремен престој надвор од земјата. ФЗОМ преку меѓународен договор за социјално осигурување склучен со Германија, Австрија, Турција, Хрватска, Словенија, Србија, Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина, Чешка, Холандија, Полска, Романија, Луксембург, Белгија, Франција и Италија на своите осигуреници им овозможува бесплатни здравствени услуги.

За таа цел граѓаните треба да се обратат во соодветната подрачна единица на ФЗОМ каде што се евидентирани како осигурено лице и да побараат двојазичен образец. Овој образец осигурениците можат да го користат како потврда за правото на бесплатно лекување во итни и неопходни случаи за време на престојот во странство.

Двојазичниот образец можат да го подигнат сите осигурени лица кои ги исполнуваат следниве услови: платен придонес за здравствено осигурување, и лекарско уверение за здравствената состојба на осигуреникот, не постаро од 12 месеци и издадено единствено од здравствена установа во која се врши дејност на медицина на трудот.
Дополнителните информации осигурениците ќе можат да ги добијат во подрачните единици на Фондот.